# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

ГОДИНА V. 1997.
SJEĆANJ - TRAVANJ
ЈАНУАРИ - АПРИЛ
ЦЕНА 5 кн.

14
БРОЈ



**VJESNIK** Srijeda, 12. ožujka 1997.

# Izložba makedonskih umjetnika



Foto: Vjesnik/Zlatko Kalle

ZAGREB – Izložba dvanaestorice suvremenih makedonskih umjetnika otvorena je u utorak u Muzejsko-galerijskom centru u Zagrebu. Kao dio tradicionalne manifestacije Makedonije u čast sv. Ćirila, organizirali su je Makedonska udruga likovnih kritičara u suradnji s upravom Međunarodnog udruženja likovnih kritičara (AICA) u Parizu, Zajednicom Makedonaca, Muzejem grada Skoplja te Muzejsko-galerijskim centrom u Zagrebu.

Izložba je međunarodni projekt u kojem Republika Makedonija predstavlja suvremene dosege i strujanja makedonske umjetnosti, a nakon Pariza, Rima, Ljubljane i Zagreba otići će u London. Izložena su djela Petra Mazeva, Gligora Čemerskog, Dimitra Maneva, Kire Urdina, Simona Šemova, Rubensa Korubina, Rodoljuba Anastasova, Slavča Sokolovskog, Kolje Miševa, Blagoja Manevskog, Jovana Sumkovskog i Zanete Vangeli.

Izložbu je otvorio hrvatski ministar kulture Božo Biškupić, naglasivši stoljetne veze hrvatskih i makedonskih umjetnika koje niti u najtežim povijesnim trenucima za oba naroda nisu bile prekinute. U ime Zajednice Makedonaca govorio je Goran Stojkovski, a nazočnima se obratio i makedonski veleposlanik Servet Avziu.(m.t)

**Од Годишното Собрание на Заедницата:**

## КОН ПОКВАЛИТЕТЕН АНГАЖМАН

**-Г. Киро Глигоров, академикот Стјепан Антољак и др Димитар Керамитчиев, едногласно изабрани за почесни членови**

**-Годишното собрание го поздравија г. Сервет Авзиу, амбасадор на република Македонија во Хрватска и др. Димитар Керамитчиев, претседател на Матицата на иселениците од Македонија**

**-Предлог измените и дополнувањата на Статутот прифатени со што би требало да се оствари повисок степен на единство и координираност**

**-Усвоени извештаите за минатогодишната работа, како и плановите за 1997 г.,**

**Заедницата на Македонците во Република Хрватска одржа редовно Годишно Собрание на 15. март во салата на Европскиот дом во Загреб. Во работата на Собранието без гости г. Сервет Авзиу амбасадор на Република Македонија во Хрватска, Др Димитар Карамитчиев претседател на Матицата на иселениците од Македонија, г - жа Бахрија Сејфици, од Уредот за етничките и национални заедници и малцинства при Владата на Република Хрватска, г. Томислав Зојчески, претседател на МПЦО Св. "Злата Мегленска" од Загреб, г- жа Лена Ѓапиќ, секретар на Хрватско-македонското друштво на пријателство, представници на другите етнички и национални заедници и г-жа Ивона Неделковска-Мусиќ претседател на МПЦО Св. Наум Охридски - Сплит.**

**Со интонирањето на хрватската и македонската химна, во изведба на вокалниот амсамбл "Езерки" и одавањето едномнутна почит на жртвите на Татковинската војна, како и изборот на работното претседателство, Собранието мина на редовната работа. Спред утврдениот и прифатен дневен ред, беа разгледани извештаите за работата во минатта 1996 г. како и програмата за 1997. г. извештајот за финансиското работање во 1996 г.. измените и дополнувањато на Статутот како и дефинирање на статусот и избор на членови на Главниот одбор.**



г. Стјепан Антољак



Киро Глигоров

Меѓу гостите прв го поздрави Собранието др Д. Керамитчиев, истакнувајки задоволство што се наоѓа мегу Македонците во Хрватска и нагласувајки ја нивната ангажирана и афирмативна дејност преку Друштвата и Заедницата, како мост што ги подобрува и развива односите помеѓу Хрватска и Македонија. Осврнувајки се врз внатрешните состојби во Македонија тој укажа на некои неуралгични точки, нагласувајки ја желбата и настојувањето да се сочува внатрешниот мир како и добрососедските односи во Регионот. При тоа ги информира присутните дека Матицата се наоѓа пред нова улога, со проширени надлежности и можности што треба да овозможат и поквалитетно ангажирање во поврзувањето на Македонија со нејзиното иселеништво насекаде по светот.

Во името на Матицата тој му предаде на претседателот Горан Стојковски мал дар: десет книги од македонски автори што живеат и творат во дијаспора а се печатени во соработка со Матицата.

Г. Серветт Авзиу со топли зборови им се обрати на своите некогашни сограѓани, истакнувајки дека во текот на изминатата година дена, колку што е во Загреб и Хрватска, успеал да се увери во големата и заслужена активност на друштвата и Заедницата, кои даваат значаен придонес во развивањето на добрите и традиционални хрватско-македонски односи. Заедницата, рече тој, одигра и игра голема улога во афирмација на Македонија и Македонците во Република Хрватска. Ви пожелувам и понатаму да одите по тој пат.

Извештај за минатогодишната работ, со осврт на најважните настани и активности, како и на работата врз измените и дополнувањата на Статутот поднесе претседателот Горан Стојковски, во опширното усмено излагање, поткрепено со редица примери и податоци.

Извештај за финасиското работање во изминатиот период поднесе во името на Надзорност одбор Климе Чудоски.

И двата извештаи беа едногласно прифатени.

Во врска со измените и дополнувањата на Статутот, усмено образложение поднесе Горан Стојковски, широко образлагајки за нужноста и настојувањата Заедницата да се транформира како унија на друштвата и сите други македонски асоцијации во Република Хрватска при што нагласи дека Заедницата би имала координативна и насочувачка улога.

Во дискусијата по оваа точка учествуваа повеќе членови: Др. Никола Гроздановски, Томислав Груевски, Недџат Хусеин, Огнен Бојаџиски, Стилијан Георгиев, Славица Источка и други при што, завршно образложение даде секретарот Вукашин Јовески. Едногласно се прифатени измените и дополнувањата со сите забелешки кои ќе бидат вградени во конечниот текст на Статутот, кој редакцијата на “Македонски глас” го објавува како посебен прилог во овој број.

Годишното Собрание едногласно го усвои и предлогот г. Киро Глигоров, академиот Стјепан Антолјак и г. др. Димитар Керамитчиев да бидат избрани за почесни членови на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, во знак на признание за нивната заслуга во негувањето и развојот на традиционално добрите хрватско-македонски односи и врски, секој во својата област.

Ог. Бојаџиски

U Filodramatici predstavljena knjiga
"Hrvatsko-makedonske književne veze" dr. sc. Gorana Kalogjere

ponedjeljak, 24. ožujka 1997.

# Poticaj za sustavniji rad na prožimanju dviju kultura

**Autor se prvenstveno bavi makedonskom literaturom u hrvatskom okruženju, a zatimĐ značajnim djelovanjem hrvatskih djelatnika u pomaganju makedonske literature koja je imala udjela od sredine 19. st. pa do naših dana**



*prof. dr. sc. Goran Kalogjera*

U petak na večer u svečanoj sali riječke Filodrammatice, u organizaciji Makedonskoga kulturnog društva "Ilinden" iz Rijeke, a pod pokroviteljstvom Odjela gradske uprave za kulturu Grada Rijeke, javnosti je predstavljena najnovija knjiga riječkog povjesničara književnosti i makedonista dr.sc. Gorana Kalogjere, "Hrvatsko-makedonske književne veze".

Počasni gost je bio njegova ekscelencija veleposlanik Republike Makedonije u Hrvatskoj Servet Avziu koji je pozdravni govor započeo tvrdnjom da je Rijeka poznata po svojoj tradiciji njegovanja makedonskog jezika, te da je večeras došao uvjeriti se u to. Mr.sc. Miljenko Magdić, pročelnik Gradske uprave za kulturu, u pozdravu je gostu poručio da će se boraveći u našem gradu moći uvjeriti što je to Mediteran i široko riječko srce. U ime MKD "Ilinden" sve je prisutne pozdravio njihov predsjednik prof. Ilija Hristodulov.

Stručni osvrt na "Hrvatsko-makedonske književne veze " dao je gost iz Zagreba prof.dr.sc. Borislav Pavlovski koji je o knjizi rekao: "Knjiga Gorana Kalogjere je inicijalni projekt u poredbenom istraživanju veza između makedonske i hrvatske kulture. Rekao bih da se autor prvenstveno bavi makedonskom literaturom u hrvatskom okruženju, a zatim značajnim djelovanjem hrvatskih djelatnika u pomaganju makedonske literature koja je imala udjela od sredine 19. st pa do ovih naših dana. Posebno bih istaknuo nekoliko radova koji se odnose na razdoblje 19. st. - to je projekt kojim je pomagao Josip Juraj Strossmayer braći Miladinov: knjigom "Zbornik makedonskih narodnih pjesama" objavljenom u Zagrebu 1861. g. Goran Kalogjera radi jednu komparativnu analizu i to prvenstveno kulturoloških odnosa između Makedonaca i Hrvata u to vrijeme na jednoj vrlo interesantnoj političkoj crti koju će produžiti u nekim svojim drugim radovima. Ono što je bitno za ovu knjigu jest što otvara prostor i književnosti 20. st. jednim izuzetno zanimljivim katalogom djela sve do najrecentnijih, i isto tako sve što ulazi u nešto što bismo mogli nazvati kulturnom politikom. Mislim da je ovaj projekt važan u smislu što može biti poticaj da se u budućnosti počinje raditi jedan sustavniji rad o prožimanjima hrvatske i makednoske kulture koji traju od ćirilometodijane pa do danas."

Prof. dr. sc. Goran Kalogjera je



*prof. dr. sc. Borislav Pavlovski*

dekan Pedagoškog fakulteta u Rijeci te predaje kolegije Hrvatska književnost u europskom kontekstu, Makedonski jezik i Hrvatska književnost. Govoreći o svojoj knjizi dr. Kalogjera je istaknuo: "Ova je moja knjiga zapravo vrlo informativan vodič za sve one koji žele doznati o jednoj i drugoj kulturi. Prikazani su odnosi jedne i druge kulture uz prožimanja koja su bila plodonosna i za jedne i za druge, premda mislim da je tu hrvatska kultura bila predominantna jer smo u nekim razdobljima strašno utjecali na njih i puno im pomogli, recimo u vrijeme ilirizma."

Nakon književnog dijela programa uslijedio je glazbeni, u kojem su nastupili klapa "Levant", Anastasija Dimitrova (sopran), Viktor Bušljeta (tenor) i Petja Tataj (glasovir) te uljepšali i upotpunili večer.

**K. Vučemil**

**Snimila: N. Dijan**

Традиционална »Македонска вечер«:

**»НА ОРО ЗБРАНИ ДО УТРИНИ РОСНИ«!**
**(македонска народна песна)**

Заедницата на Македонците во Република Хрватска традиционално и овој јануари ја организира »Македонската вечер« во соработка со Министерството за култура на Македонија и спонзорите »Авиоимпекс« и Алкалоид д.оо - Загреб, во големата сала на загрѐбски »Глобус«. Се цени дека на оваа вечер гости беа над 600 Македонци со нивните хрватски и други пријатели, а меѓу гостите беа амбасадорот г. Сервет Авзиу со сопругата, г-жа Лилјана Наумова-Марчетич, претставници на други национални заедници и малцинства во република Хрватска, г-жа Рамљак од Уредот за националните и етнички заедници или малицинства, седмата сила, како и бројни угледни сонародници. Во забавната програма учествуваа г-жа Костадинка Велковска и реномираниот и добро познат ансамбл од Битола »БОЕМИ«. Посебно признание за долгогодишна ангажираност во организирањето на ваквите средби и зачувување на македонскиот културен и национален идентитет Заедницата на Македонците му додели на г. Иван Андонов-Ванчо, што му го врачи секретарот на Заедницата г. Вукашин Јовески. Организаторите се погрижија и за мошне богата томбола, при што главните згодитоци беа авионска карта Загреб-Скопје-Загреб, седмодневно летување на Паг-Поваља во апартманите на г-жа Лилјана Штрукел и бројни други награди на задоволство на гостите.

Македонската вечер мина во мошне срдечна, пријателска и дружељубива атмосфера, веселнички и домаќински. За атмосферата на оваа вечер што траеше скоро до в зори, најдобро сведочат фотографиите на фото »БЛИЦ«: Миловски Борис.



Ансамблот "Боеми" од Битола со познатата Загребска артистка Костадинка Велковска



г. Сервет Авзиу ги поздравува гостите на "Македонскато веќер"



поетесата ЛИЉАНА ДИМОВА во придружба со сопругот и пријателите



г. ИВАН АНДОНОВ - ВАНЧО прима признање за својата несебична ангажираност во собирањето на Македонците во ЗАГРЕБ

# MAKEDONSKA NOĆ U PULI

**Noć zabave otvorila je dr. Olga Angelovski Zgrabljić pročitavši pozdravne telegrame makedonskog veleposlanstva u Sloveniji te Ureda za etničke i nacionalne zajednice i manjine pri Vladi RH**



*Za veselo raspoloženje tijekom noći zaslužan je makedonski ansambl »Boemi« iz Bitolja*

**PULA** - U organizaciji Makedonskog kulturnog društva Županije istarske »Kočo Racin« u subotu je pulskom hotelu »Brioni« u povodu julijanske Nove godine održana tradicionalna Makedonska noć. Bogat kulturno-umjetnički program, uz mnogo izvorne makedonske glazbe, pjesme i plesova, kao i originalnih specijaliteta makedonske kuhinje, obilježili su ovo, drugo po redu, veselo druženje 500-injak Makedonaca i prijatelja Makedonije.

Noć zabave otvorila je dr. Olga Angelovski Zgrabljić pročitavši pozdravne telegrame makedonskog veleposlanstva u Sloveniji te Ureda za etničke i nacionalne zajednice i manjine pri Vladi RH.

Oni koji su uspješno zadržali odlično raspoloženje prisutnih, svakako je makedonski ansambl »Boemi« iz Bitolja, čijim članovima pored izvorne narodne glazbe, problem nisu predstavljale niti pjesme Olivera Dragojevića, Miše Kovača i Prljavog kazališta. U glazbenom programu nastupio je prvak opere HNK-a Osijek, bariton Slobodan Cvetičanin uz pratnju njegove supruge Jagode Treneske Cvetičanin. Točno u ponoć, članica Upravnog odbora MKD »Kočo Racin« prof. Violeta Juvan otpjevala je »Za mnogu godini Makedonci, kade i da ste«.

Na poziv organizatora, druženju su se odazvali uglednici grada, županije te predstavnici zajednica nacionalnih manjina u Istri. Uz makedonsku veleposlanicu u Hrvatskoj Ljiljanu Naumovu-Marčetić, u subotu su toplo pozdravljeni Petar Maša i Edita Lonj, predsjednik i tajnica Zajednice Mađara Istre, zatim Franjo Andreja, predsjednik Zajednice Albanaca Istre te Kosta Ničević, predsjednik Srpskog kulturnog društva »Prosvjeta«. Makedonskoj noći prisustvovali su dogradonačelnik Pule Aldo Skira, predsjednik Regionalne gospodarske komore Šime Vidulin, član Gradskog poglavarstva Petar Janko, a u Pulu je doputovalo i stotinjak Makedonaca iz Rijeke, Osijeka i Splita.



**доградоначелник Пуле г. АЛДО СКИРА беше заедно со г. ШИМЕ ВИДУЛИН, и г. ПЕТАР ЈАНКО гостин на оваа вечер**



**Др. ОЛГА АНГЕЛОВСКА - ЗГРАБЉИК ја отвара "Макенската вечер" во Пула заедно со НЕНАД СТОЈКОВСКИ**

МПЦО Св. Злата Мегленска:

**ЧЕСТИТ БОЖИК - ХРИСТОС СЕ РОДИ!**

Традиционално Македонската православна црковна општина Св. »Злата Мегленска« и годинава за Божик успеа да овозможи доваѓање на свештеник од Македонија - отец Глигор Киселинов - протоѓакон во Европската епархија и личен пратеник на Неговото Преосвештенство Владиката Горазд, митрополит на Европската епархија.

Бдеењето беше одржано вечерта спроти Божик во црквата Св. Рок а на сам Божик свечена литургија држеше протоѓаконот Глигор Киселинов, при што во литургијата го придружуваше и хорот »Езерки«.

Црквата беше полна, како што им прилега на македонските христијани. На Бадник пак домаќин беше Никола Трајкоски.

По прекрасната литургија протоѓаконот Киселинов им ја прочита на македонските христијани Посланицата на Неговото Блаженство Г.Г. Михаил Архиепископ Охридски и Македонски во која меѓу другото се вели:



отец ГЛИГОР КИСЕЛИНОВ започнува со Божикното Молебие

†

МИХАИЛ

ПО МИЛОСТА БОЖЈА АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ СО СВЕТИОТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА, ИМ ИСПРАЌА НА СЕТО ПРАВОСЛАВНО СВЕШТЕНСТВО, ПРЕПОДОБНОТО МОНАШТВО И ВЕРНИТЕ ЧЕДА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА БЛАГОСЛОВ И МИР ВО БОГА

ХРИСТОС СЕ РОДИ!

Мили наши духовни чеда,

Македонскиот народ е воведен во Светата Црква Христова од светиот апослог Павле, светите браќа Кирил и Методиј и особено од свети Климент и свети Наум, Охриските чудотворци.

Македонската православна црква е наследничка на Охридската Архиепископија. Светиот архиерејски синод годинатa 1997 ја прогласи за јубилејна по повод 30-годишнината од возобновената автокефалност на Македонската православна црква, продолжителка на славната Охридска Архиепископија. Во духот на овој значаен јубилеј Ве поздравуваме сите чеда македонски, каде и да сте, и Ве повикуваме на духовно, црковно и национално поле годинава да направиме достојни дела за почит кои ќе нè претстават како народ со вера Христова апостолска и со дух Светиклиментов.

Посакувајќи ви радосни Божикни празници и честита и благословена Нова Година, ве поздравуваме са радосниот наш христијански поздрав.

ХРИСТОС СЕ РОДИ!

На Рождество Христово

Скопје, 25. 12. 1996 година

АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ МИХАИЛ

ЧЛЕНОВИ НА СВЕТИОТ АРХИЕРЕЈСКИ СИНОД:

Митрополит Полошко-кумановски КИРИЛ

Митрополит Европски ЃОРАЗД

Митрополит Австралиско-новозеландски ПЕТАР

Митрополит Дебарско-кичевски ТИМОТЕЈ

Митрополит Брегалнички СТЕФАН

Митрополит Струмички НАУМ



Во Молебието учествуваа вокалнато група "ЕЗЕРКИ" а делови од Евангелието читаше Огнен Бојаџиски

## МАКЕДОНСКИ ШАРМ

Многумина од нас долги години живеат и творат во Хрватска, но како сонародници малку се познаваме меѓу себе. Можеби затоа радоста што нас четворица заминуваме за Пула на »македонската ноќ« беше уште поголема, се разбира со загатката како ќе биде?

Ние од друштвото »Браќа Миладиновци« одиме на гости кај нашите од Друштвото »Кочо Рацин«, која симболика. Два краја на Хрватска, Осијек и Пула.

И колку да беше патот долг и заморен, радоста го совлада заморот и исцрпеноста. Морскиот блесок и таа сина широчина уште повеќе не возбудуваше во прекрасниот веспазијанов град, во Хистрија.

Допирот пак со културно-историските споменици уште повеќе не исполни со мир и скриена возбуда на бројни недоискажливи одушевувања. Многума од нас слушале за прекрасните острови Бријуни, но малкумина ги виделе, стапнале на нив и ја почувствувале таа прекрасна убавина.

Со чувство на некоја недофатлива возбуда се подготвуваме за самата вечер. Најпрвин се разбира нашето запознавање, откривање на заеднички нешта па дури и пријатели, шега, понекој виц или пак споменување на заедничките пријатели, меѓу кои и за неодамна починатиот Тома Прошев. И сега чувствуваме колку ни недостасува.

Долго очекуваните звуци на нашиот мелос низ изведбата на афирмираните и вонредни »Боеми« ни ги грее срцата и жешти во нозете. Се фаќаме на оро, на таа чудна и древна македонска вртешка што је зашеметува главата и ги излудува чувствата. Не ни почувтсвувавме колку брзо мине времето - а однеданаш еве го утрото!

Орото не зближува сите: Хрвати, Италијани, Албанци, Македонци, Роми, Срби, секој љубител на убавото и играта. Орото нема граници.

Вистинито и чудно, на оро сите сме едноставни, луѓе со песна на уста и музика во срцето. И жупанот и дипломатот и секој од нас на Оро е играч, пеач, свирач и милозвучник! Тука не има од секаде, не само од Македонија туку и од Хрватска, а некои дошле и од соседна Словенија. Одеднаш звуци на гајда, молк и изблик на весело ракоплескање. Па тоа е нашинецот Кирило од Ријека.

Се извлекуваат главните згодитоци на томболата: »Авиоимпекс« дарува авионска карта Пула-Скопје и назад, кој ли е срекниот! Му завидуваме, но неговата радост е и наша, ќе ја види Македонија ќе ги посети своите, ќе си ја наполни душата со дедовината!

Убаво ни е на сите: на Виолета Крстевска, Лиљана Наумова-Марчетич, на нашите драги од Пула. Со зората и утрото, со раѓањето на новиот ден си заминуваме и ние.

Дружењето и веселбата се длабоко во нас. Како да се напивме чаша убавина што долго ќе не грее и храбри. Си помислувам на овие наши млади сонародници, кои за така брзо време успеаа да се изборат за свое место не само во Пула туку и пошироко, си помислувам за ентузијазмот на Славица, Ненад, Олга, Виолета, Алдо и уште многу други. Си помислувам на македонскиот шарм што таа вечер ги обзеде сите, на таа дружељубивост, на таа отвореност, на македонската песна и сите песни што вечерта уште еднаш не потсетија дека убавото за секој е убаво. Убавината навистина го грее срцето и срцата, таа нема и не признава граници. Кога ли пак ќе се дружиме, можеби наскоро во Осијек. Сонуваме и го чекаме тој ден.

Јагода Тренеска-Цветичанин

◆◆◆



Гајдарот Кирило Трајковски од Ријека ги забавуваше гостите во Пула



Г-жа Лиљана Наумова - Марчетиќ во придружба на ЈАГОДА ТРЕНЕВСКА, СЛАВИЦА САГАДИН и уште една ЈАГОДА од Осијек

VINOTEKA
»ZEN 37«
Zagreb, Preradovićeva 37 - dvorište
Telefon: 01 / 445-866

BIRANA UVOZNA MAKEDONSKA
VINA I NAŠA DOMAĆA

MALOPRODAJA I VELEPRODAJA
Posjetite nas svaki dan od 9 - 19 sati
(i subotom), a nedjeljom od 9 - 14 sati

NUDIMO SLIJEDEĆA MAKEDONSKA VINA - »TIKVEŠ«
• Bijela vina: TEMJANIKA, SEMIJON, ALEXANDRIA, RIZLING, BURGUNDEC, BELAN, COUNTRY WHITE
• Crna vina: COUNTRY RED, TGA ZA JUG, KRATOŠIJA
• Žestoka pića: LOZOVA RAKIJA, MASTIKA

DONOSILAC OVOG LISTIĆA DOBIVA 5% POPUSTA !!

Средби со литературниот збор:

**»ПИРЕЈ« ВО ЗАГРЕБ**

Во организација на Хрватско-македонското друштво и Заедницата на Македонците, на 29 јануари о.г. во Хрватскиот културен клуб се одржа значајна културна средба. Темата на средбата беше »Прозата на Петре М. Андреевски« по повод магистрирањето на г-жа проф. Наташа Аврамовска од Скопје - имено таа по постдипломските студии во Загреб, на Филозофскиот факултет, стекна наслов магистер со одбрана на трудот »Теориски аспекти на романот и новелетата врз примери на раскажувачкиот опус на Петре М. Андреевски«, познат македонски писател.

Средбата со младата мр. Аврамовска ја отвори, претставувајќи ја проф. др. Борислав Павловски, при што му беше одадена едноминутна почит на неодамна починатиот сликар Орде Петлевски.



Мр. НАТАША АВРАМОВСКА заедно со г. Вукашин Јовески, Др. Борислав Павловски и г-жа Лена Џапиќ

Во својата реч мр. Наташа Аврамовска го претстави еден од позначајните македонски раскажувачи Петре М. Андреевски чиј опус зафаќа не само прозни туку и поетски остварувања. Писателот П.М. Андреевски се појави на македонската книжевна сцена околу 1964. г. со романот »Седмиот ден«. Она што на Андреевски му донесе признание и своевиден литературен идентитет сѐ неговите познати три романи: »Пиреј«, »Скакулци« и »Небеска темјановна« издадени во периодот од 1981 до 1989 г.

Тематската преокупација, бујноста и стилот на овој раскажувач го плени вниманието на читателската публика. Просторот во неговите романи е руралната средина пред и за време на Првата светска војна во Македонија. Не станува збор за носталгичноста, туку тој го опишува социјалниот карактер и раслојувањето на селото.

Истовремено Андреевски ја прикажува и драмата на воведување на македонскиот литературен јазик, бидејќи руралната средина користи јазик во растурнато расположен свет. Се опишува гласот на народот кој живее далеку од главните камуникациски црти, тој сретнува луѓе кои зборуваат на својот мајчин говор, луѓе со свои обичаи. Неговите ликови во романите поединечно кажуваат за својот живот, па така може да се каже дека настанува и историскиот роман. Прикажено е и што донесува војната: глад, болести, смрт на децата, а во тие неприлики треба не само да се живее туку и опстане. Нашиот човек бива одведен во српска војска, не разбира зошто таму се наоѓа, има голема носталгија да се врати дома во својата фамилија. За тоа време пак, неговиот брат се наоѓа во бугарската војска, го заробуваат и така за награда добива отсуство.

Писателот Андреевски со посебни чувства ги опишува женските ликови, нивната борба за спас на семејството во тие тешки времиња. И зато првиот роман »Пиреј« им го посветува на своите баби со зборавите: »На моите баби Велика, Милка и Севда, вместо запалени свеќи на нивниот гроб, и покрај тоа што знам дека е ова премал помен да ги запре нивните бескрајно напатени души«.

Професосот Павловски и честита на г-жа Аврамовска на успешниот труд и одбраната, заблагодарувајќи и што со своето излагање нѐ збогати со уште една пријатна средба. На крајот тој прочита и еден чувствителен извадок од романот »Пиреј« во негов превод на хрватски јазик.

Др Марко Паризовски



Morbidni oblici, 1962. (asfalt/tuš, 57 x 94 cm)

# "ЕЗЕРКИ" - ЉУБОВ ЗА ПЕСНАТА

**Вокалниот женски ансамбл "Езерки" ги бележи своите први позначителни успеси на афирмација. Спокојно но упорно со својата интерпретација тие се наметнаа. И природно е што сега без нив не се може и најчесто се прашуваме кои се членовите на овој сипматичен женски хор. Со одлука на Претседателството на Хрватско-македонското друштво во април 1995 г. основан е женскиот хор, кој денес брои 10 членки. Денес со гордост ги истакнуваат своите први настапи во рамките на мултимедијскиот програм "Ве покануваме ..." кој најпрвин почнаа да го изведуваат со помош на Есперантското друштво "Буде Борјан" презентирајки ги македонските народи обичаи за Коледа, Божик, Русалиите, за Водици и ...**

**Низ своите програмски активности во минатата година "Езерки" забележуваат серија бројни настапи: во Библиотеката "Савски гај", на 15 годишнината на Хрватско-македонското друштво "Жељко Такач-граѓанин на светот", во Центарот за култура на Трешњевка - "Концерт за пријателите", средба со поетесата Катица Чулафкова по повод денот на Светите Браќа Кирил и Методиј, на промотивната кандидатура на град Загреб за домаќин на Светскиот конгрес на есперантисти 2000 г., по повод Денот на Меѓународното пријателство одржан на Сљеме (Дом на Црвениот крст), на Денот на државноста на Република Македонија 8. Септември, како и на претставувањето на поетската збирка "Пролазност и вјечност" од Георги Шупов.**



◆◆◆



СТОЈАНКА ТЕЖАК

**Нежната и возбудлива природа уште во родниот Прилеп ја дарувала со љубов кон песната, а посебно кон песната од родниот крај. Во овој хор е од неговите први почетоци, да не кажеме пелени. Љубовта кон песната, кон дружењето го крепи нејзиниот жив и динамичен ентузијазам со единствена желба »Езерки« да одржат еден ден концерт и во својата древна татковина Македонија! Ги држиме палците оваа нејзина и наша желба да се оствари што поскоро!**

TIPOGRAF
ZAGREB, ANINA 25, tel 01 560 269

ЛЕНА ЃАПИЌ

**Уште од најраното детство се занимава со пеење. Била солистка во детскиот хор, а подоцна пеела и во гимназискиот. Како активистка во Хрватско-македонското друштво на пријателство уште од самиот почеток размислува за создавање на хор, како начин за подобра афирмација на македонската култура и зближувањето меѓу хрватскиот и македонскиот културен идентитет и творештво. Еден е од оснивачите на хорот.**

◆◆◆

**Во текот на оваа, 1997 г. вокалниот ансмбл "Езерки", су кани да реализира амбициозна програма: настап за Василица (остварен) потоа за Прочка, за Велигден како и презентација на жетварските обичаи. Секако треба да се истакне дека благодарение на "Езерки" и литургиите во црквата Св. Рок каде што се служат македонските молебија добија нов квалитет благодарејки на нивниот настап. Планирани се и пет концерти во сплит, Ријека, Пула, Осијек и Загреб, потоа настап за "Гоцеден", презентација на ликот на жената во македонските поговорки како и обработка на циклус песни "Името Македонија во народниот мелос".**

**Добро Организирани, смислено музичко-педагошки раководени, со својот ентузијазам, лјубов и неизмерлив труд "Езерки" афирмирајки го македонското културно и национално богатство се афирмираат и себеси. Секако да им пожеламе уште подобри резултати и учество на повеќе домашни и меѓународни сцени.**

**Б.О.**



◆◆◆

ЖИВКА ИВАНЕЦ, професор

Живиот и творечки дух на г-жа Живка и го исполнил животот со бројни радости и искуства. Родена радовишанка од познатото семејство Вукови, уште од малечка како да ја предиспонирал кон музиката. Завршувајки средно музичко училиште во Скопје и вонредно Педагошка Академија во Скопје, првите плодови на својот труд и знаење ги положила во гимназијата »Коста Сусинов« во Радовиш а потоа во основното училиште »Наум Наумовски-Борче« во Скопје. Неуморна, трудољубива и динамична таа е член на познатиот хор »Кочо Рацин« од Скопје, во кој членува се до 1977 г. Со доаѓањето во Загреб нејзината дејност станува побогата во основното училиште »А. Харамбашиќ« каде што остава длабоки траги со својата 14 годишна педагошка и активна музичка дејност. Голем број ученици и денес се сеќаваат на својата драга професорка која го водеше и школскиот хор.

Богатото педагошко искуство, големата музичка култура и активниот однос кон животот г-жа Живка је дарувал и со бројни признанија и награди се до нејзината заслужена пензија. Меѓутоа таа не мирува. Еден е од иницијаторите и основачи на хорот »Езерки« и негов музички и стручен раководител. »Нашата Живка е незаменлива« велат не само членовите на хорот туку и бројните пријатели на оваа вокална група која започнува да жнее плодови.

ЈЕЛЕНА ПАЛАМЕТА

Апсолвентка на кроатистика на Филозофскиот факултет во Загреб, родена Херцеговка, која завршила



нижа музичка школа (клавир). Љубител на македонското музичко творештво, што и овозможило низ македонската музика да ја запознае поблиску и македонската литература. Од самиот почеток се вклучува во хорот.

◆◆◆



ЛИЉАНА ПРЕВОЛШЕК

Кратовчанка која од детство пее и се гордее што пеела во КУД »В. Пазаванска« и со нив жнеела победи на хорските натпревари низ Македонија. Подолго живее со семејството во Загреб каде што и работи. За своето учество во »Езерки« вели: »Сега сум навистина среќна што се вратив во музичкиот живот и што пеам во »Езерки« - првата музичка група во Загреб која ја негува македонската песна и на достоинствен начин ја прикажува нашата култура«.



Д. ЛИЉАНА ЛАУШ-БЕЛКО

Академски сликар и етнолог, родена загрепчанка. Нејзиниот животен мото: »Негување на културното наследство, ликовно и музички да се делува, разубавување на животот на себеси и другите« ја доведува и во хорот »Езерки« каде е од самите почетоци.

◆◆◆



КАТИЦА АДАМОВИЌ

Скоро од самиот почеток е член на хорот. Уште од најраното детство пее, најпрвин во детскиот а подоцна во средношколкиот и црквениот хор - каде што пеела и соло партии. Афинитет кон македонската песна покажувала уште од најраните години, така што со вклучувањето во »Езерки« и се остварила една голема желба.



СЛАВИЦА ГУЦИЌ-МИТЕВА

Уште како малечка се интересира за хорско пеење, така што пеела во неколку хорови: »Кочо Рацин« - Скопје, »Емил Косето« во Загреб и сега во »Езерки« од нивното основање. Струмичанка по порекло, мајка на две деца, козметичарка наоѓа време за дружење со песната, дарувајќи се себеси, својот глас на она што облагородува.

◆ ◆ ◆

## Nastupaju *Ezerke*

U utorak 30. travnja u 19.30 sati u Centru za kulturu »Trešnjevka«, Park stara Trešnjevka 1 održat će se *Koncert za prijatelje*, što ga, u čast prve obljetnice svojega djelovanja, priređuje ženska vokalna skupina *Ezerki*, uz instrumentalnu pratnju četvorice izvornih makedonskih svirača. Gošća na koncertu bit će solo-pjavačica Veselinka Ančevska, a kroz program voditi će i stihove govoriti zagrabački glumac Ivica Kunej.

*Ezerke* su se okupile i počele pjevati prije godinu dana kao ženska vokalna skupina u sastavu Hrvatsko-makedonskoga društva (HMD) u Zagrebu, koje je njihov utemeljitelj i pokrovitelj. Stručna im je voditeljica, ali i ravnopravna članica pri nastupma, Živka Ivanec, umirovljena nastavnica glazbene kulture. A predsjednica im je Lena Dapić, također pjevačica u sastavu i tajnica HMD-a.

Od 25. svibnja 1995. taj je »ženski nonet« imao devet nastupa na različitim mješovitim priredbama u Zagrebu, u organizaciji HMD-a, nekih drugih društava prijateljstva, te Židovske općine i esperantista. Prvi samostalni *Koncert za prijatelje*, ovoga utorka na Trešnjevci, jubilarni je i svečarski, 10. nastup *Eterki*. Otpjevat će i pjesme »Zagreb, moj grad« i »To je zemlja«, kao i desetak popularnih makedonskih pjesama u originalnoj izvedbi i zanimljivoj vlastitoj obradi. Inače, nazivom svojega sastava željele su podsjećati na najljepši nakedonski prirodni biser, Ohridsko jezero, odakle potječu i neke od najpopularnijih izvornih pjesama iz njihova repertoara, a naziv *Ezerki* znači – »Žene jezera«. (mn)



ИРА ЃАПИЌ

Најмладиот член на овој хор е студентка на III. г. на Економскиот факултет во Загреб. Посетувала основно музичко училиште и свирела виолончело. Љубовта кон музиката и посебно песната од самиот почеток ја довела во овој хор.

◆ ◆ ◆

## Prospekt Zagreba na esperantu

U povodu Prvog kongresa esperantista Hrvatske, zakazanog za svibanj 1997. godine, te pripremа za kandidiranje Zagreba za domaćina Svjetskog kongresa esperantista 2000. godine, u hotelu »Esplanade«, u srijedu, 12. lipnja, u 19 sati, održat će se poseban program. Pod pokroviteljstvom hotela »Esplanade« i Turističke zajednice grada Zagreba, bit će predstavljen novi prospekt Zagreba na esperantu, a u umjetničkom dijelu programa nastupit će Branka Janjanin (harfa), Vida Jerman (recitator), te Neven Mrzlečki i ženska vokalna grupa »Ezerke«.

◆ ◆ ◆

## »Makedonija — pet godina nezavisnosti«

Dan nezavisnosti Republike Makedonije, 8. rujna, zapravo peta obljetnica otkad su se svi građani te bivše jugoslavenske republike na referendumu golemom većinom izjasnili za samostalnu državu, ove će godine prvi put svečano biti obilježen i u Zagrebu. U ponedjeljak 9. rujna, na Tribini grada Zagreba, Kaptol 27, u 19 sati, u organizaciji Hrvatsko-makedonskoga društva i Zajednice Makedonaca u RH, održat će se svečani skup za Makedonce, prijatelje Makedonije i visoke goste iz Hrvatske, s temom: *Makedonija – pet godina nezavisnosti*.

Tom će prigodom veleposlanik Republike Makedonije u Hrvatskoj Servet Avziu održati kraće izlaganje kao uvod u razgovor s nazočnim gostima. U umjetničkom programu nastupit će već poznata i proslavljena mješovita (hrvatsko-makedonska) ženska vokalna skupina »Ezerki«, a zatim slijedi domjenak. (M.N.)

МКД »ИЛИНДЕН« - Ријека:

Илинден на Платак

Друштвото, по повод националниот македонски празник Илинден организира еднодневен излет на познатото излетиште Платак. Повеќе од 140 членови на Друштвото со своите семејства и пријатели од Ријека и околината учествуваа на овој прекрасен пикник кој помалку станува традиционален. Лежерната атмосфера, убавиот амбиент, песната и орото придонесоа низ спомени да се обноват сеќавањата за родниот крај, за традициите на Илинден и активностите што предстојат.



Изложба на Бацуковски Миливој

Во просториите на МКД »Илинден« беше организирана ликовна изложба на нашиот член, сликар-аматер Миливој Бацуковски. Изложбата ја отвори Миљенко Магдиќ, прочелник за Култура на Градското Поглаварство а кус осврт врз изложените работи и сликарските преокупации на Бацуковски даде проф. Бисерка Смољан.

Дедо Мраз и кај нас!

Традиционално спроти Нова Година нашето Друштво организира во салата на С. Д. »Локомотива« новогодишен дочек на Дедо Мраз. Во мошне добро подготвената програма (аниматори и организатори беа музикологот попглигоров Бранко, стидeнките Лидија Ѓореска и Геогиева Василка) учествуваа преко 80 деца од нашата национална заедница, кои живеат на подрачјето на нашата приморско-горанска жупанија. Податоците, песните и музиката заедно со даровите беа, заедно со доадањето и дочекот на Дедо Мраз вистинска радост и задоволство не само за децата тукуи родителите.

**МКД »ИЛИНДЕН« - Ријека:**

**Ново раководство**
**- за претседател на Друштвото избран г. Илија Христодулов**

Натрупаните недоразбирања, неактивност и самољубие на една група од раководството што предизвика извесно кочење на целокупната работа и дејност на Друштвото, предизвика силен бран на негодување така што една група активисти побара одржување на вонредно Собрание.

Вонредното Собрание на МКД »Илинден« според статутарните правила беше свикано и одржано на 20 октомври 1996. г. Во подготовките на Собранието беше вкучен и председателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска мр. Горан Стојковски од Загреб.

Во демократска, работна но и често емотивна расправа, разледани се причините за досегашните кочења, неактивноста и прашањата на недоразбирања, при што е оценета и работата на управниот одбор и досегашниот претседател г. Стилијан Георгиев. Укажано е на бројните слабости и недоволната координираност, при што е побарано да се изберат нови членови во Управниот одбор, како и нов претседател. Вонредното собрание покрај неопходните одлуки за натамошна работа изгласа и Одлука со која МКД »Илинден« станува рамноправен член на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а за нов претседател избран е г. Илија Христодулов, инг.

Левко Цветковски, проф.

**Гости на »Македонска ноќ« во Пула**

МКД »Кочо Рацин« од Пула беше организатор на »Македонската ноќ« што се одржа на 18. јануари 1997 г. во хотелот »Бријуни« во Пула. Во програмата што ја водеше познатиот ансамбл »БОЕМИ« од Битола, зедоа учесто и нашите членови (50) кои организирано гостуваа на оваа заедничка веселба.

Левко Цветковски, проф.







Stol, 1957. (crtež tuš/papir, 40,9 x 28,6)

**ЕТНО СМОТРА - РИ —96!**

Градското поглаварство на Ријека со своите тела (Комисијата за општествени прашања на културниот аматеризам на националните заедници и малцинства и Одборот за прашања на етничките и национални заедници и малцинства) организира мошне успешна смотра на културниот аматеризам на италијнската, ромската, српската, словеначката и македонската национална заедница, од 28 ноември до 5 декември 1996 г. Под мотото »БОГАТСТВО Е ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО ЗАЕДНИШТВО« Ријека и ријечани имаа можност низ посебните и заеднички културно уметнички аматерски програми да се запознаат со културното богатство на секоја и сите заедно етнички заедници кои живееат и творат во овој кварнерски бисер.

МКД »Илинден« на оваа смотра зеде учество во изложбата на фолклорното богатство со неколку експонати (народни носии и сл.) а и со учеството на г. Кирило Трајковски - свирење со гајда - на завршната вечер што се одржа во просториите на Италијанската заедница. Колку градот Ријека им придава значење на развојот на етничките и националните заедници сведочи и присуството на овие вечери на Градоначалникот на Ријека г. Славко Линиќ, прочелникот за култура г. М. Магдиќ и г-жа Мила Шимиќ од Уредот за меѓунационални односи при Владата на Република Хрватска.





Екуменска заедничка Молитва во Св. Преобажиение (СПЦ) каде што беше присутен и претседателот на МПЦО св. Злата Мегленска - Загреб г. Т. Зојчески

svima posvuda navijestili Radosnu vijest, Evanđelje Isusa Krista».

Dr. Kuzmič je rekao: «U ovoj molitvenoj osmini, moleći zajedno kao što činimo i večeras za pomirenje i za jedinstvo, mi molimo evanđeoski... Kršćanstvo nema svoga plemenskog Boga, nema privatne religije. Upravo stoga što je Evanđelje univerzalna poruka za sve narode, mi ovdje sabrani večeras i u tijeku ove molitvene osmine, a i u tijeku čitave 1997. godine, želimo živjeti pomirenje, želimo biti navjestitelji ljubavi, mira i nade.»

### Vrijeme je za zbližavanje

Drugi u nizu ekumenskih molitvenih susreta osmine za jedinstvo kršćana održan je u prepunoj pravoslavnoj crkvi Gospodnjega Preobraženja u Zagrebu u nedjelju 19. siječnja. Predvodili su ga protojerej Popović, biskup Deutsch, dr. Škvorčević, dr. Lovrec i dr. Kuzmič.

«Nema veće radosti nego kad braća složno žive..., a ova naša zajednička molitva pokazuje mogućnost sloge i zajedničkog života», rekao je protojerej Popović i nastavio: «Koliko nas je vrijeme ranije razdvajalo i odvajalo i sililo nas sve dalje jedne od drugih, čini se da danas vrijeme pokazuje da se sve više i više zbližavamo, da želimo jedni drugima kroz svoje molitve i svoj način moljenja istog nam Boga biti bliži jedni drugima.»

Dr. Škvorčević, rekavši da je zapazio nedoumicu na licima nekih sudionika molitve, pojasnio je da ekumenski susreti ne znače da smo «jednostavno svi mi jednaki, da je sve to isto». Sabrali smo se da bi ponovili veliku istinu, rekao je, da ljudi nikada ne smiju biti jedni protiv drugih, te da kao kršćani, kao oni koji ispovijedaju Isusa Krista, u ime Boga ne mogu biti protiv nekoga. Ako se već Bog zauzeo za to da nas pomiri međusobno, što vidimo iz Pavlovih poslanica, kako mi možemo stajati po strani i reći da nam je svejedno kako je među nama, rekao je dr. Škvorčević.

Biskup Deutsch je rekao: «Bog je večeras među nama! On želi da smo međusobno smireni i pomireni. I to ne samo danas, nego svakog dana u godini, tako dugo dok živimo.»

Dr. Lovrec je kazao da «ima nade da drugima pokažemo ljubav, da se pomirimo, da pomognemo jedni drugima u nevoljama, da nazovemo bratom i sestrom drugoga bez obzira na nacionalnost, boju kože ili jezik kojim govori».

Kuzmič je poželio da se kršćani ne pitaju što njihova Crkva i oni pojedinačno mogu primiti od novoga što dolazi od Boga, nego što mogu dati, te «da budemo graditelji mostova, razumijevanja, da se oduprемо mržnji i netoleranciji, doprinesemo gradnji nove civilizacije ljubavi, što je itekako potrebno na ovom našem tlu». (I. Š.)

FOTO: NIKOLA CETINA



Македонците христијани во Загребската КАТЕДРАЛА

## ДОНАТОРИ НА МАКЕДОНСКАТА ВЕЧЕР

1. "AVIOIMPEX", Makedonska Avio-kompanija, Zgb,
2. "ALKALOID" d.o.o. Zagreb,
3. "APARTMANI ŠTRUKELJ", Zagreb,
4. "KAN-TEPISI", d.o.o. Zagreb,
5. "NIKOLA GROZDANOVSKI", Zagreb,
6. "Zlatar, LAZAR IVANOVIĆ", Zagreb,
7. "Zlatar, VJEKOSLAV IVANOVIĆ", Zagreb,
8. "ROKO TRGOVINA", Zagreb,
9. "LUKAR" d.o.o., Zagreb,
10. "MAKEDONSKA AMBASADA" Zagreb,
11. "TOZ" Zagreb,
12. "DEŠKIN SAVKA", Zagreb
13. "ANTE JURKOVIĆ" Mesnica, zagreb
14. "ELEKTRO KONTAKT", Zagreb,
15. "ĐABIRSKI PANTE", Zagreb
16. "ĐAMONJA COMMERCE", Zagreb,
17. "DJD EUKANUBA", Zagreb,
18. "TETEX" d.o.o. Zagreb
19. "VUKAŠIN JOVESKI", Zagreb,
20. "SAGENA", d.o.o., Zagreb,
21. "GIGOVSKI PROMET", d.o.o., Zagreb
22. "VIKI-PLAST", Zagreb,
23. "ANA", trgovina na veliko, Zagreb
24. "GP", knjižara, papirnica, fotokopir., Zagreb,
25. "TUTTI FRUTI - Pizza caffe", Zagreb
26. "DOKMAN" d.o.o., Vrtlarska 3b, Zagreb,
27. "ŽANE ŠTANCL", Zagreb, Krklecova 4
28. "GLIGOR SAZDOVSKI", Zagreb,
29. "LJILJANA DIMOVA -PETERNEL", Zagreb,
30. "CROATIA RECORDS", Zagreb,
31. "ALEKSANDAR GEORGIEVSKI", Zagreb,
32. "BADEL BAP", Zagreb,
33. "MARIJAN KRLUG", Zagreb,
34. "NAUME JOVANOVSKI", Zagreb,
35. "DTR" d.d. Zagreb
36. "DS PROMET", zagreb,
37. "BARBARA TRGOVINA", Zagreb, Importane centar,
38. "Frizerski salon MAJA", Intercontinental
39. "BRAZIL", pržilnica za kafe, Karlovac
40. "AT INŽENJERING", Zagreb, Bućarova 1a,
41. "ZEN 37" vinoteka, Zagreb, Preradovićeva 37,

**Заедницата им заблагодарува на сите донатори за учеството на "МАКЕДОНСКАТА ВЕЧЕР"**

Македонски народни обичаи:

# Митровденски плодови

По повод христијанскиот празник Митровден, Хрватско-македонското друштво во ресторанот »Пљешевичка клет« организира презентација на македонските народни есенски обичаи.

На средбите покрај членовите на друштвото и нивните пријатели од Загреб и Љубљана, присуствуваа амбасадорот на Република Македонија во Хрватска г. Сервет Авзиу, генералниот секретар на Министерството за надворешни работи на Македонија г. Јачев Зоргу, г. Зоран Богоевски и г-жа Лиљана Наумова-Марчетич.



Според древните македонски обичаи - од етнолошко фолклорната ризница - на Митровден завршува летото и започнува есента, односно се навестува зимата. Тој ден се одбележува со вино и песна, со богатството на есенските плодови, со берикетот зошто од берикетот зависи каков ќе биде следниот род. Водителите на програмата беа г-жа Јудита Реј Худичек и Љубен Димкароски, поздравувајќи ги присутните и раскажувајќи им за разни обичаи во Македонија. При тоа беше претставена и женската вокална група »Езерки« со нивниот музички раководител г-жа Живка Вукова-Иванец а во музичка придружба на Стефко Качуров, Стојан Трајков, Кирил Јовев и Ангел Стојанов.

Со песните »Дафино, вино црвено« и »Сношти сакав да ти дојдам«, хорот »Езерки« на самиот почеток ги поздрави присутните гости а потоа беше извршена богата презентација на македонските обичаи. Според традицијата на Митровден им се исплаќа и заработувачката на овчарите, на полските работници и селските старешини, при што се обновуваат и склучуваат и договори за идната работа. Во Гевгелија, на пример, на тој ден се оди в лов - Митровденски лов, а вечерта се подготвува богата вечер и се испраќаат наполичарите. Во Кумановско тој ден се вика »глувчов д'н« и на тој ден не се гиба житото за да не го јадат глувците.

Во битолскиот крај на Митровден се сади лоза и овошки, бидејќи се врува дека сé што ќе се посади на тој ден, ке никне и ке се фати. За лозата се верува дека е благословена од Св. Богодорица и токму затоа таа има волшебен сок.

Г. Љубен Димкароски ги поздрави гостите од Словенија и заедно со сопругата ја отпеа песната »Јас те пратив на вода Калино« при што ја изрецитира и својата песна »Земја«. Во стиховите:

»афионски цутови,
мирис на тутун
в несоглед зеленила
од винова лоза.«

сите ја препознаа Македонија.

Вечерта одржана под мотото »Вино пијам ем ракија« беше исполнета со прекрасни македонски народни песни, а хрватските и словеначки Македонци ги поздрави и претседателот на Друштвото др Борислов Павловски, професор по македонска книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб, посакувајќи им на сите уште повеќе вакви дружења со песна и игра.

Др Марко Паризовски



Izrasline 4, 1961.
(crtež tušem, 32,5 x 24 cm)

## ЧЕСТИТ ВЕЛИГДЕН !



Radom Nadzornog odbora rukovodi njegov predsjednik kojeg biraju članovi Nadzornog odbora između sebe.

*IV IZVORI FINANCIRANJA*

Članak 31.

Financijski izvori zajednice su:
* dotacije iz proračuna Republike Hrvatske,
* članarina,
* financijska pomoć matične zemlje - Republike Makedonije,
* sredstva različitih fondova Republike Hrvatske,
* donacije i sponzorstvo,
* ostali izvori sukladno zakonima Republike Hrvatske.

*V PRIJELAZNE I ZAVRŠNE ODREDBE*

Članak 32.

Izmjene i dopune Statuta provode se na slijedeći način:
* inicijativom polovine članova Skupštine
* inicijativom Glavnog odbora

Izmjene i dopune Statuta Skupštine donosi na isti način kao i Statut - nadpolovičnom većinom članova Skupštine.

Članak 33.

Za tumačenje odredaba ovog Statuta nadležni su Glavni odbor i tajnik Zajednice.

Članak 34.

Ovaj Statut stupa na snagu danom usvajanja na skupštini Zajednice, a primjenjivat će se nakon dobivene suglasnosti nadležnog upravnog tijela Republike Hrvatske.

Članak 35.

Zajednica prestaje s radom i djelovanjem kada to odluči skupština na prijedlog 2/3 pojedinačnih i skupnih članova Zajednice.

U Zagrebu, 15. ožujka 1997. godine
Usvojen na Godišnjoj Skupštini Zajednice
Makedonaca u R. H.

Predsjednik:
Mr.sc. Goran Stojkovski,
dipl.ing.



Temeljem članka 2. i članka 4. Ustavnog zakona o ljudskim pravima i slobodama i o pravima etničkih i nacionalnih zajednica ili manjina u Republici Hrvatskoj, članka 22. Zakona o društvenim organizacijama i udruženjima građana (Narodne novine broj 10/90) te Statuta Zajednice Makedonaca u republici Hrvatskoj od 22. prosinca 1991. godine Skupština Zajednice Makedonaca u republici Hrvatskoj donosi slijedeći izmjenjeni i dopunjeni

# STATUT

*I OPĆE ODREDBE*

Članak 1.

Ovim Statutom uređuju se pitanja značajna za organizaciju, rad i djelovanje Zajednice Makedonaca u Republici Hrvatskoj (daljnjem tekstu: Zajednica).

Članak 2.

Zajednica ima svojstvo pravne osobe koje stječe upisom u registar udruženja građana. Zajednica je udruženje građana. Dijelovi Zajednice su i makedonska kulturna društva u Republici Hrvatskoj.

Članak 3.

Puni naziv Zajednice glasi: *Zajednica Makedonaca u republici Hrvatskoj.* Sjedište Zajednice je u Zagrebu.

Članak 4.

Zajednica djeluje na području Republike Hrvateske. Zajednica surađuje s istovjetnim i sličnim organizacijama na području Republike Hrvatske, Društvom hrvatsko-makedonskog prijateljstva, Makedonskom crkvenom općinom te sličnim organizacijama u inozemstvu. Zajednica koordinira rad svih makedonskih kulturnih društava u Re publici Hrvatskoj.

Članak 5.

Zajednica je organizirana, radi i djeluje kao vanstranačka, nepolitička i neprofitabilna organizacija.

Članak 6.

Zajednica im apečat okruglog oblika s ispisanim tekstom: *Zajednica Makedonaca u republici Hrvatskoj - Zagreb; Заедница на Македонците во Република Хрватска - Загреб.* Zajednica ima amblem okruglog oblika čiji gornji dio čini stilizirano zlatno sunce na crvenoj podlozi, a donji dio crveno-bijela kvadratična polja. Rad Zajednice je javan. Javnost se osigurava davanjem obavijesti o radu Zajednice članstvu, tisku, elektroničkim i drugim zainteresiranim medijima.

Članak 7.

Zajednicu predstavljaju i zastupaju: predsjenik, dopredsjednici te tajnik Zajednice. Iznimno, temeljen odluke Upravnog odbora Zajednice, mogu je, u konkretnom slučaju, zastupati i drugi članovi Zajednice.

## *II CILJEVI ZADAĆE*

Članak 8.

Svrha utemeljenja Zajednice je okupljanje i zastupanje interesa građana republike Hrvatske makedonskog podrijetla radi očuvanja kulturnih i duhovnih vrijednosti makedonske nacije, makedonskog jezika, njegovanja i razvijanja makedonske književnosti, glazbe, umjetnosti i folklora, kao i njegovanja i razvijanja hrvatsko-makedonskih kulturnih i duhovnih veza i odnosa.

Članak 9.

Polazeći od trajnog interesa svakog naroda pa tako i hrvatskog i makedonskog k produbljivanju svojih spoznaja i civilizacijskih dosega, uzajamnošću i prožimanjem različitih kultura i civilizacijskih dostignuća radi vlastitog obogaćivanja i međusobnog razumijevanja Zajednica obavlja slijedeće djelatnosti:

* organizacija samostalnih i zajedničkih kulturnih manifestacija u suradnji s postojećim kulturnim institucijama,
* obilježavanje značajnih datuma iz povijesti makedonskog i hrvatskog naroda,
* organiziranje različitih književnih tribina, likovnih susreta, promocija knjiga, radijskih i televizijskih tribina i kontakt emisija,
* organiziranje društvenih tribina o pojedinim segmentima i pitanjima od obostranog interesa iz gospodarstva, ekonomskog, političkog i znanstvenog područja,
* organiziranje programa za predškolsku i školsku omladinu: dječje igraonice na mekodonskom jeziku, seminara *Да зборуваме македонски*, likovnih radionica i slično,
* organiziranje različitih informativno-izdavačkih djelatnosti od obostranog interesa, poticanje suradnje na uzajamno boljem informiranju kroz masovne medije i, prema potrebi, izdavanje glasila u Hrvatskoj i Makedoniji.

Temeljem ovako široko postavljene orijentacije izrađivat će se konkretni jednogodišnji planovi rada i djelovanja koji će biti ponuđeni na društvenu verifikaciju i stimulaciju kulturnim i financijskim institucijama Republike Hrvatske i Republike Makedonije, kao i ostalim zainteresiranim institucijama od gospodarskog, društvenog i općeg značaja i interesa.

Članak 10.

Za ostvarivanje ciljeva i zadataka Zajednica ima financijski plan i proračun kojeg utvrđuje i donosi Glavni odbor.

## *III USTROJSTVO*

### *Članstvo, tijela i način odlučivanja*

Članak 11.

Član Zajednice može biti svaki građanin Republike Hrvatske makedonskog podrijetla, temeljem slobodno izražene volje, potpisivanjem pristupnice, prihvaćanjem Statuta i programa Zajednice.

Član Zajednice može biti i svaki građanin Republike Hrvatske kao i strani državljanin temeljem slobodno izražene volje, potpisivanjem Statuta i programa Zajednice.

Članovi Zajednice su i makedonska kulturna društva u Republici Hrvatskoj i druga udruženja građana (u daljnjem tekstu ogranci) temeljem odluke njihove Skupštine i



### *TAJNIK*

Članak 28.

tajnik Zajednice obavlja slijedeće poslove i zadatke:

* predstavlja i zastupa zajednicu,
* saziva i organizira sjednice Upravnog odbora,
* organizira i nadzire realizaciju godišnjih planova rada i aktivnosti Zajednice,
* na sjednicama organizira vođenje zapisnika,
* obavlja ili zadužuje administratora za administrativn-tehničke poslove,
* zadužen je za financijsko poslovanje zajednice u skladu sa Statutom, poslovnikom i pozitivnim zakonskim propisima Republike Hrvatske
* obavlja i druge poslove od značaja za rad i djelovanje Zajednice.

### *SUD ČASTI*

Članak 29.

Sud časti je mirovno- sudbeno vijeće Zajednice koje je sastavljeno od pet članova s navršenih 60 godina života i uglednom u okolini u kojoj žive i djeluju.

Mandat članova Suda časti traje pet godina s pravom reizbora.

Sud časti između svojih članova bira predsjednika i zamjenika.

Sud časti na prijedlog Upravnog odbora razmatra i odlučuje o:

* pitanjima povrede Statuta i programskih osnova Zajednice,
* pitanjima ponašanja i dostojanstva te narušavanja ugleda zajednice i etičkih normi među članovima Zajednice,
* pitanjima prirode sukoba i nesporazuma između članova zajednice i međuljudskih odnosa,
* poduzima mjere i radnje za otklanjanje nesporazuma i konflikata između članova Zajednice.

Sud časti svoje odluke donosi većinom glasova i dostavlja Glavnom odboru Zajednice.

Odluke Suda časti su: opomena, javna opomena i prijedlog za isključenje iz Zajednice.

### *NADZORNI ODBOR*

Članak 30.

Nadzorni odbor je tijelo Skupštine zajednice i sastoji se od tri člana.

Mandat članova nadzornog odbora traje dvije godine s mogućnošću reizbora.

Zadaci nadzornog odbora su:

* nadgledanje primjene Statuta od svih tijela Zajednice,
* nadzor materijalno-financijskog poslovanja,
* izrada izvješća i izvješćivanje Glavnog odbora i Skupštine o provedenoj kontroli,
* predlaganje sazivanja izvanrednih sjednica Upravnog odbora, Glavnog odbora i skupštine u slučaju grubih povreda Statuta.

Članak 26.

Sjednice Glavnog odbora saziva predsjednik ili jedan od dopredsjednika.

Glavni odbor donosi odluke, preporuke i zaključke nadpolovičnom većinom nazočnih. Odluke su pravovaljane ukoliko je sjednici nazočna većina članova Glavnog odbora.

Glavni odbor djeluje preko Upravnog odbora kao izvršnog tijela te odgovarajućih tijela ogranaka.

Skupština može opozvati Glavni odbor u cjelosti ili pojedniačno prije isteka mandata ako ne održava sjednice ili ne izvršava provjerene mu obveze.

Ukoliko opoziva cijeli Glavni odbor, Skupština bira novi Glavni odbor s punim mandatom, a ukoliko opoziva pojedine članove novi se članovi Glavnog odbora biraju za razdoblje do isteka mandata Glavnog odbora u čije su članstvo birani.

*UPRAVNI ODBOR*

Članak 27.

Upravni odbor je izvršno tijelo Glavnog odbora i čine ga po jedan predstavnik ogranka te šest članova izabranih između Glavnog odbora.

Radom Upravnog odbora rukovodi predsjednik Zajednice, jedan od dopredsjednika ili tajnik zajednice.

Upravni odbor obavlja sljedeće poslove i zadatke:
* izvršava odluke, zaključeke i preporuke Glavnog odbora,
* izvršava godišnji plan rada i djelovanja,
* priprema i predlaže financijski plan zajednice,
* predlaže počasne članove Glavnom odboru,
* predlaže kandidate za pohvale, priznanja i nagrade,
* odlučuje o promjeni adrese sjedišta Zajednice,
* predlaže pokretanje postupka za isključenje iz članstva Zajednice Sudu časti i Glavnom odboru,
* predlaže Glavnom odboru, sukladno zakonu o javnim glasilima, glavnog urednika glasila "Makedonski glas"
* razmatra i predlaže Glavnom odboru financijski proračun za rad i izlaženje "Makedonskog glasa",
* donosi poslovnik o svom radu,
* upravlja pokretnom i nepokretnom imovinom Zajednice sukladno zakonima Republike Hrvatske,
* predlaže i utvrđuje obujam poslova i zadaća za profesionalno obavljanje administrativno-tehničkih i financijskih poslova te upošljava stručne osobe prema stručnim kvalifikacijama i zakonskim propisima.

Sjednica Upravnog odbora se može održatiukoliko je nazočna većina članova, a pravovaljane odluke se donose većinom glasova nazočnih članova. Ukoliko se glasovanjem ne može donijeti odluka (jednak broj glasova za i protiv) odlučuje glas predsjedavajućeg.



prihvaćanja ovog Statuta. Odluku o učlanjenju ogranka mora potvrditi Skupština Zajednice.

Članak 12.

Član Zajednice ima pravo birati i biti biran u sva tijela Zajednice pod uvjetom da je punoljetan građanin. Član Zajednice može biti samo u jednom rukovodnom ili izvršnom tijelu Zajednice.

Članak 13.

Članovi Zajednice mogu biti redoviti, potporni i počasni.

Redoviti članovi su sve fizičke osobe koje su članovi Zajednice ili ogranka i aktivno sudjeluju u njenom radu.

Potporni članovi mogu biti sve fizičke osobe koje materijalno i financijski pomažu rad Zajednice. Potporne članove prihvaća Glavni odbor svojom odlukom.

Počasni član može biti svaki pojedinac koji svojim radom, djelovanjem i ugledom daje izuzetan doprinos radu i djelovanju Zajednice, njegovanju i razvijanju hrvatsko-makedonskih veza i odnosa te produbljivanju humanističkih i civilizacijskih dosega u afirmaciji makedonskog nacionalnog bića u europskim i svjetskim razmjerima.

Počasne članove pojedinačno predlaže Glavni odbor Skupštini koja razmatra prijedlog i donosi odluku.

Članak 14.

Članovi Zajednice imaju pravo i obavezu sudjelovati u radu Zajednice, davati prijedloge i mišljenja, čuvati i njegovati ugled i značaj Zajednice.

Članovi Zajednice plačaju godišnju članarinu u Zajednici ili njenom ogranku.

Članak 15.

Član Zajednice ima člansku iskaznicu Zajednice ili ogranka koja služi za identifikaciju i nesmetani pristup u prostorije Zajednice.

Članak 16.

Članstvo u Zajednici prestaje:
* istupanjem po vlastitoj želji
* isključenjem iz Zajednice u slučaju težeg kršenja odredaba ovog Statuta.

Članak 17.

Skupština Zajednice na prijedlog Glavnog odbora ili Suda časti može pojedinog člana isključiti iz Zajednice. Odluka Skupštine je konačna. Isključenje člana Zajednice u ogranku regulira se statutom dotičnog ogranka.

*Članak 18.*

*Prava i obveze ogranka*

Ogranci imaju pravo, preko svojih izabranih predstavnika u Skupštini Zajednice i njenim tijelima, sudjelovati u kreiranju ukupnog rada i djelovanja Zajednice. Članovi ogranka, kao pojedinci, imaju sva prava i obveze redovitih članova Zajednice. Ogranci imaju obvezu izvješćivati o svom radu na sjednicama Glavnog odbora Zajednice.

Jednom godišnje, najmanje mjesec dana prije redovite sjednice Skupštine Zajednice, moraju dostaviti pisano izvješće o radu ogranka u proteklom razdoblju koje postaje dijelom godišnjeg izvješća Zajednice. Zajednica je obvezna izvješćivati ogranke u proteklom razdoblju.

U slučaju blokade rada ogranka Zajednica ima pravo sazvati izvanrednu Skupštinu ogranka radi razrješavanja blokade. Sjednicom rukovodi predsjednik Zajednice ili jedan od dopredsjednika (u ovom slučaju dopredsjednik ne smije biti iz tog ogranka).

Članak 19.

Organi i tijela Zajednice su:
* *Skupština Zajednice*
* *Glavni odbor i Upravni odbor*
* *Nadzorni odbor*
* *Sud časti*

## *SKUPŠTINA ZAJEDNICE*

Članak 20.

Skupština zajednice je najviši organ zajednice. Čini je po pet predstavnika svakog ogranka, po jedan predstavnik crkvenih općina te jedanaest pojedinaca koje delegira Glavni odbor na prijedlog članova Zajednice.

Skupština radi i djeluje na redovitim i izvanrednim sjednicama.

Redovita skupština održava se jednom godišnje, a izvanredna prema potrebi na zahtjev Glavnog odbora, Nadzornog odbora, Skupštine ogranka zajednice ili peticijom potpisanom od najmanje 30 članova sviju ogranaka Zajednice.

Skupštinom rukovodi predsjednik zajednice ili jedan od dvaju dopredsjednika.

Predsjednika i dopredsjednike Zajednice Skupština bira za razdoblje od dvije godine. Uzastopni mandat predsjednika i dopredsjednika ne može trajati više od četiri godine.

Članak 21.

Skupština obavlja sljedeće poslove i zadatke:
* donosi Statut i po potrebi ga mijenja,
* donosi poslovnik o radu Skupštine,
* bira i opoziva predsjednika i dopredsjednike,
* bira i opoziva članove Glavnog odbora,
* bira i opoziva članove Suda časti,
* bira i opoziva članove Nadzornog odbora,
* razmatra i usvaja izvješća o radu Zajednice, Glavnog odbora, Suda časti i Nadzornog odbora te ogranka Zajednice,
* odlučuje o prijemu počasnih članova,
* odlučuje o povezivanju, udruživanju i suradnji s drugim zajednicama, istovjetnim ili sličnim asocijacijama
* dodjeljuje pohvale, priznanja i nagrade,
* odlučuje o svim ostalim pitanjima od interesa za Zajednicu.

Članak 22.

Skupština može odlučivati ukoliko je nazočna većina članova Skupštine.



Skupština pravovaljane odluke donosi većinom glasova nazočnih članova.

## *GLAVNI ODBOR*

Članak 23.

Glavni odbor Skupštine Zajednice najviši je upravni organ zajednice i ima 21 člana. Čine ga po tri predstavnika svakog ogranka (predsjednik i dva člana izvršnog organa ogranka) i šest članova koje bira Skupština Zajednice. Umjesto člana koji zbog bilo kojeg razloga ne može sudjelovati u radu Glavnog odbora Glavni odbor može kooptirati drugog člana zajednice. Broj ovako kooptiranih članova Glavnog odbora ne može biti veći od pet. Odluku o kooptiranju mora potvrditi naredna Skupština zajednice koja će odlučiti i o trajanju mandata ovih članova.

Mandat Glavnog odbora traje dvije godine s pravom reizbora. Radi kontinuiteta rada i djelovanja do trećine članova Glavnog odbora može biti birano i u dodatnom mandatu.

Članak 24.

Glavni odbor ima predsjednika, dopredsjednike i tajnika.

Predsjednik i dopredsjednici Zajednice su ujedno predsjednici i dopredsjednici Glavnog odbora. Tajnik Glavnog odbora ujedno je i tajnik Zajednice.

Tajnika Glavnog odbora bira Glavni odbor između svojih članova nadpolovičnim brojem glasova.

Članak 25.

Glavni odbor obavlja sljedeće poslove i zadatke:
* bira i opoziva članove Upravnog odbora
* utvrđuje i donosi jednogodišnji financijski plan,
* utvrđuje i donosi jednogodišnji plan rada i djelovanja,
  predlaže Skupštini počasne članove Zajednice,
* predlaže i utvrđuje kandidate za pohvale, priznanja i nagrade,
* razmatra i predlaže odluke o povezivanju, udruživanju i suradnji s drugim zajednicama te istovjetnim i sličnim asocijacijama,
* razmatra i utvrđuje prijedloge o isključenju članova iz Zajednice,
* razmatra djelovanje Suda časti,
* razmatra rad i djelovanje te provedbe odluka Upravnog odbora,
* razmatra i usvaja izvešća o radu ogranka - samostalnih društava zajednice u Rijeci, Splitu, Osijeku, Puli, Zagrebu i drugim mjestima te ih upućuje Skupštini na usvajanje,
* imenuje članove radnih grupa, komisija i sličnih tijela za izvršenje godišnjih i drugih planova i zadataka te usklađuje njihov rad,
* imenuje glavnog urednika te članove redakcije glasila "Makedonski glas",
* razmatra i odobrava financijska sredstva za nakladničke i druge slične projekte,
* razmatra i usvaja zaključke o svim drugim pitanjima od interesa za Zajednicu,
* određuje iznos godišnje članarine.

Glavni odbor radi po poslovniku i programu rada. Sastaje se tri puta između dviju sjednica Skupštine. Po potrebi se mogu sazvati i izvanredne sjednice.

# 125 г. ОД РАЃАЊЕТО НА ВЕЛИКАНОТ

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 1872 - 1903 г.

*• Јас го разбирам светот единствено како поле за културно натпреварување на народите.*

*• Македонаската култура е неопходност за правилното развивање на македонската револуција*

### ЦРНА СЕ ЧУМА ЗАДАДЕ

Црна се чума зададе
Там долу в Македонија,
Там долу в Македонија.
Кој ќе се јунак одбере
Чумата да ја пропади?
Избрал се, ми се изнашол,
Млад Делчев, Гоце војвода,
Он ојде в Македонија,
Чумата да ја пропади
Од жална Македонија.
Кој иде горе низ гора,
Дал ми се Турци поганци?
Не ми се Турци поганци,
Тук ми се одбор дружина,
Ранет ми другар носеа.
Со куршум јунак пронижан
Од лева страна во срце,
Млад Делчев, Гоце војвода.
Делчев дружина говори:
— Дружино, верна зговорна,
Вие ќе утре врвите,
Кому ќе ме оставите,
Водичка да ми подаде,
Срцето да си разладам,
Устата да си расквасам?
Дружино, мои комити,
Кога ќе вие минете
Низ моја града Кукуша,
Мајка ми ќе ве пречека,
За мене ќе ве попита:
— Дека е Делчев војвода? —
Вие ќе нејзе кажете:
— Делчев се јунак посврши,
За црна земја робинка.





### РАСПЛАКАЛА СЕ ГОРАТА

Расплакала се гората,
Гората ем планината
И од гората дрвјата,
И од полето тревата,
Заради Делче војвода . . .
Голема тинџа ми дојде
Гората да развеселит,
Дека ми Делче довтаса
Со својата верна дружина:
На секое ритче — бајраче,
На секое круфче — и пуфче,
Во секое долче — јуначе.

*• Ние не ги мразиме Османите како народ туку војуваме против нивната господаречка система на управување.*

Делче војвода куќа си нема —
Куќа му е ладна пештера.
Делче војвода татко си нема —
Татко му е Пирин Планина.
Делче војвода мајка си нема —
Мајка му е земја македонска.

*• Ако тиранијата е насилије, револуцијата е насилије против насилието.*
*Ние се бориме за слободна и независна Македонија со широки права на бедното население.*

### ВИКНА СЕ ЈАНА ПРОВИКНА

Викна се Јана провикна
Од високи чардаци,
Од сребрените пармаци:
— Удрете браќа, пукајте,
Јавер пашова дружина!
Овде не е Грција,
Овде не е Србија,
Овде не е Бугарија —
Тука е Македонија!

*• Ослободувањето на Македонија лежи во внатешното востаније. Кој мисли инаку тој се лаже себеси и другите.*

*• Јас не сакам востание со луге који ке ме напуштат при првиот неуспех; јас сакам революција со граѓани, способни да ги издржат сите тешкотии и на една долготрајна борба, каква, поради жестоките политички услови, ќе биде нашата.*

ДИМИТАР ВЛАХОВ:

Гоце ги имаше особините на вистинскиот револуционер. Тој имаше јасен поглед на задачите на македонската револуција. Тој говореше убедливо и ги завладуваше срцата на слушателите со својата добрина, искреност, преданост. Тој не утруваше, тој не знаеше да дипломатува. Делото на кое што тој му служеше, беше чисто, возвишено, големо за тоа и тој сметаше дека би било подигравка со тоа големо дело, ако не му служи чесно, верно и со преданост до крајот на својот живот. Ни една минута тој не се поколеба. Благодарение на високите квалитети што ги имаше тој, влијанието од неговата личност и од делото на кое тој служеше, беше големо меѓу македонските маси. Македонската револуција со исклучение на периодот на НОБ, која што македонскиот народ ја водеше заедно со останатите народи на ФНРЈ, не познава друга личност која имала такво големо влијание на македонските маси и специјално на селаните, како што е Гоце.

Во својата револуционерна дејност Гоце се раководеше со одредена мисла: Македонскиот народ да биде организиран и вооружен и во решителниот момент како еден човек да се дигне на востание, да ја собори тиранијата и да се ослободи.

Гоце и' служеше само на Македонија. Во својата револуционарна дејност тој се раководеше исклучително од интересите на македонскиот народ и тоа на целокупниот македонски народ и на сите народности што ја населувале Македонија.

Гоце беше противник на присоединението на Македонија кои Бугарија, - а тоа го сакаа бугарските влади бугарскиот дворец и врховистите, - затоа што не сакаше Македонците да дојдат во положба на потчинети, угнетени. Кога уште од првите години на суштествувањето на револуционерното движењ е во Македонија, во самата организација се појавија големобугарски тенденции, внесени од надвор. Гоце беше најрешителниот противник на тие тенденции. Тој беше најопределниот непријател на претворувањето на »Организацијата во една бугарска организација, управена против другите народности во Македонија, која неминовно би се претворила во инструмент на бугарската империјалистичка политика.

На Гоце му беше јасна положбата на Балканот; тој ги познаваше добро апсирациите на сите балкански влади; тој ја познаваше добро и политиката на европските империјалистички држави кон Македонија. Тој знаеше дека за сите тие влади и држави Македонија е објект за експлоатација и грабеж. Затоа и тој се бореше со сите сили против политиката на тие сили и држави.

Гоце беше револуционер во полната смисла на зборот. Негови учители беа Раковски, Левски, Ботев, Бенковски, Каблешков, Светозар Марковиќ, Гарибалди. Слично на своите учители, Гоце беше пријател на сите народи. тој не ги мразеше народите, тој ги мразеше само господарите, чорбаџиите - од каква било народност да беа тие. »Јас не ги мразам османлиите како народ; јас војувам против османската тиранија како господарствена система«.

По убеждение Гоце беше социјалист. Неговиот краен идеал беше ослободувањто не само на Македонија, туку и на целиот Балкан, на целото човештво.

Гоце беше приврзеник на идејата на Балканската федерација; тој многу веруваше, дека на Балканот ќе настапи една положба при која што балканските народи ќе можат да живеат како браќа. Неговиот идеал беше Балканска Федеративна Република.

Апостолот на Македонската револуција не беше многу прикажлив. Но тој очаруваше со својата живост и духовитост, кога се наоѓаше во средината на блиски свои другари. Тој беше добар другар. Пословичен беше благиот карактер на Гоце, кој кого што се пројавуваше особината што тој ја беше наследил од својата мајка, баба Султана, а таа беше позната на целиот Кукуш како извонредно добра и со благ карактер жена.

Гоце беше многу пресретлив кон нуждите на блиски и далечнии другари, кон нуждите на македонскиот народ. Тие што го познаваа, што извесно време општуваа со него, се приврзуваа кон него, го сакаа. Тој им ги завладуваше срцата на своите собеседници, своите слушатели. Тој беше љубимецот на македонските народни маси. Димо Хаџи Димов говореше за својот учител и другар: »Никога нема да го забравам последниот поглед на тој народен љубимец, што падна убиен на 20 чекори од мене«.

Академик др. ДАНЧО ЗОГРАФСКИ:

Длабоката родоèубивост, револуционерен демократизам и широк интернационализам и космополитизам на Гоце Делчев беа главен белег на личноста и делото на овој најдоследен поборник за самостојноста и правилната национално-политичка насоченост на борбата за национално и социјално ослободување на Македонија.

Важноста и местото на Гоце Делчев во поновата македонска историја, се определени пред се, од неговите способности правилно да ги сфати основните потреби и барањ на својата земја, како и општите развојни текови, а наедно и свесно да дејствува за забрзано остварување на задачите на општествениот прогрес.

Со оглед на вистинската положба и потреби на Македонија, тие задачи во епохата на ширењето на капитализмот и предизвиканите со тоа економски, социјални и политички вриежни и тенденции како резултат на класната диференцијација и социјалното созревање станува многу ургентни и комплицирани.

Гоце Делчев изврши пресудно влијание за утврдување на идејниот фундамент и на прогресивната револуционерна ориентација и еволуција на македонското ослободително движење, односно на Внатрешната македонска револуционерна организација. Тој многу направи движењето да биде правилно канализирано и раководено во сообразност со основните интереси и стремежи на македонскиот народ.

Гоце Делчев сесрдно се залагаше движењето да пушти длабоки корени во сите слоеви на македонското население, тоа да си изработи сопствена програма што ќе биде прифатена од народните маси како и да усвои и да применува тактика што произлегува, во прв ред од специфичните услови во Македонија и Европска Турција, но која истовремено ја има предвид како балканска констелација така и политиката и стратегијата на големите сили.

За успешно да ги остварува овие задачи и движењето голема заслуга му припаѓа на Гоце Делчев. Тој можеше да одигра таква улога затоа што помина низ школа на вистинска револуционерна наобразба и ги запозна и усвои напредните идеи на своето време, зашто беше проникнат со длабок патриотизам и со вонредни лични борбени и карактерни особини.

Гоце Делчев според способноста објективно да ги анализира и предвидува крупните вриежи, судири и тековите на настаните и во раздвижувањата на масите најделотворно да се замеша, станувајќи спиритус - агенс што ја бутка напред колата на македонската револуција, ги надминуваше мнозина други раководни личности на организираното движење.

Проф. др. ХРИСТО АНДОНОВ ПОЛЈАНСКИ:

ГОЦЕВАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ТРАДИЦИЈА, како суштествен и содржаен дел на традициите од револуционерната Илинденска епоха, претствуваше бележита и светла инспирација, позитивен ослободителен поттик, во континуитетот на македонската народно-ослободителна борба, која се

круниса со нови квалитети и димензии низ факелот на Народната и социјалистичка револуција. Тоа е евидентно и значајно позитивно наследство, кое содржеше во себеси богати и специфични особености, кои како епохален мит го заседоа челното место во врвиците на македонската слободарска традиција.

Во врвежот на оваа слободарска традиција едно од знаменитите места се маѓа на Гоце Делчев. Тоа произлегуваше и се наметна од целокупниот негов живот и револуционерна дејност посветен за делото на македонската слобода. А тој беше еден од бастионите на македонската самостојност и самобитност.
Токму во овој извонреден пункт на оваа забележителна револуционерна поставеност констатираме определена историска вредност. Таа е оснажена во перспективата на нашево современие. Тука се состоеше и Гоцевата знаменита историска величина, зашто во вистинскиот политички миг, највериo ги протолкуваа суверените иницијативи на широките народни маси. Уште е означен фактор, што во таа поента на револуцијата, тој ги надмина тесните рамки на националната слобода и излезе на историската сцена и со својот хуманизам и космополитизам.
Во револуционерниот концепт тој ја развиваше тезата за сопствената борба, како мошне битен и вредносен елемент за успехот на револуцијата. Пледираше кон основната револуционерна цел и платформа: постигање целосна политичка автономија, како етапа кон патот за завојување независноста на Македонија. Се заложуваше за чување целоста на Македонија. Енергично и храбро се противеше на сите погубни, империјалистички и контрареволуционерни посегнувања и планови за нејзина разделба.

## Спомени на Климент Шапкарев за Гоце Делчев:

Гоце допира право во душата

Кој беше и каков беше тој наш другар Гоце, та достигна да биде општопочитуван народен херој?
Ги претурам спомените и барам одговор прво за себе, а потоа и за другите. Барем, копам по неговиот живот, по неговата душа, го споредувам со нашите претходни знаменити дејци и сакам да ги доловам неговите особености - она по што се разликува од другите.
Пред очи ми излегува Ѓорче. Велат оти Ѓорче беше мозокот на делото. Ѓорче беше навистина голема и умна глава. Го среќаваш, седнуваш со него на иста маса и гледаш, чувствуваш, дека спроти тебе седи умна, практична глава, која не лета во облаците. Тој и самиот е свесен за тоа и без да сакаш, таквата состојба се наметнува меѓу тебе и него пред секој разговор со што се јавува дистанца меѓу вас. Позборуваш малку и си заминуваш.
Со Гоце не беше така.
Пред очи ми изглегува Матов, глава полна со знаее, а по џебовите мислиш дека носи цели томови со записи од целата светска историја. Секогаш е подготвен да ти цитира се што ќе посакаш од историјата: кој сакаш културен народ, кој сакаш великан и деец, мислител, како постапувал и нашата денешна состојба на која епоха наликува. Слушнеш, научиш и си заминуваш.
Со Гоце не беше така.
Еве го Даме. Штедар, природен соговорник за убавото, за доброто, за слободата, за братството, за должностите, за жртвите, за херојствата, за успехот. Ако решиш да се вмешаш во таквиот негов изблик, ги приближува веѓите, упатува остер поглед со насмевка, која ти кажува: »Ги знам јас границите на можното«.
Гоце не беше ни таков.
Си помислувам за Сарафов. Пред очи ми излегува сигурен во себе јунак, готов во секој миг да изведе подвиг. Чувствуваш ли дека ќе можеш да го следиш-трајно се врзуваш за него. Во спротивно, се одделуваш.
Со Гоце не беше ни така.
Ако посакаш да се доближиш кон Гарванов или Васков, те пречекуваат со зборовите: »Што те доведе кај нас?« Ги чувствуваш како силни деловни луѓе и доколку немаш повеќе работи со нив, гледаш да не им го одземеш напразно времето.
Со Гоце ни така не беше.
Се среќаваш со Тодор. Имаш чувство дека се наоѓаш со личност за која се е решено и која никогаш од ништо не отстапува.
Со Гоце не беше ни така.
Спроти мене е Пере. Ми се смее од се срце и ми вели: »Ги читам твоите конфронтации отпечатени во в. »Илинден« во в. »Одрински глас«, заедно со фељтоните на Петроне. Ги читам навечер во креветот пред да заспијам«. Сакаше да се смее на пројавените од некого слабости.
Со Гоце не беше ни така.
А каков беше Гоце? Каков беше тој за време на средбите, на вечерите, на беседите, на другарските собири, на проповедите.

Го сретнеш ли Гоце на улица, тој учтиво те поканува да му се придружиш. Влегувате заедно, на пример, во меаната »Македонија«, седнува и те кани да седнеш и ти. Порачува кафе, тешко и слатко, и тоа две наеднаш во еден филџан и те пражува што ќе порачаш ти. Ги става в џеб манастирските броеници, на кои виси железно распетие со телото на Исус, вади цигари, става една во цигарлакот - систем на д-р Кох, со стакленце внатре - на кој од надвор пишува »Кукуш«, и те нуди и тебе со цигара. Почнува прв да зборува, додека ти го гледаш и му се восхитуваш. И те допира право во душата, во најнежните жици. Те прашува како си, со една блискост, со едно сочувство, кои те тераат да веруваш дека тој навистина се интересира за тебе и сочувствува со тоа што ќе му го кажеш. Затоа, кога ти почнуваш да зборуваш, не можеш, а да не му се довериш и да му раскажеш работи што дури и самиот од себе си ги криел. Те распрашува за блиските и за далечните и убеден си дека и тој го преживува тоа што му го одговараш. Смирено и неосетно си ја откриваш целата душа (а потем се чудиш како се случило тоа) и го гледаш како и тој учествува, се бранува со твоите доживувања почисто и појасно отколку самиот ти. Те презема во неговите раце и оп неколку минути, тој ги усмерува и води твоите чувства, твоите бранувања и твоите лични доживувања.

## ТРГНАЛ СИ ДЕЛЧЕВ, ДЕЛЧЕВ ВОЈВОДА

Тргнал си Делчев, Делчев војвода,
Тргнал си Делчев долу крај Вардарско.

Тамо си сретнал двајца јаничари,
Кај си пасат овци в сиромашки ниви.

Ај, што им вели Делчев војвода:
— Што пасете овци в сиромашки ниви?

Ај, што му велат двајца јаничара:
— Ја врви си, Делчев, немаш с нас работа.

Ај, се разлути Делчев војвода,
Па отера овци долу уф селото,
Долу уф селото, на сиромаси раздал.

**Димо Хаџидимов:**

**ТОЈ ПЛАЧЕ**

**»...Гоце Делчев може да биде патеводната звезда на сите кои, особено денеска, се воодушевуваат од неговите идеи и од неговиот пример...«**

Гоце Делчев загина одамна. Родените кога тој умре - сега се момчиња на дваесет и една година. На таа возраст македонската младина е наполно готова да го продолжи неговото дело. Таа веќе го потфати. На таа идеална младина сакам да и кажам неколку зборови за човекот кој од се друго, најмногу ги сакаше и најмногу им веруваше на младите револуционери, зашто само во нивната чиста душа тој гледаше дека се врежуваат длабоко и трајно чистите идеи на ослободителното револуционерно движење. Сакам да им кажам на македонските момчиње што се родија кога тој умре, дека Гоце Делчев може да биде за нив едно светло знаме, онака како што беше тој за нас-младите од онаа епоха, дека Гоце Делчев може да биде патеводната звезда на сите кои, особено денеска, се воодушевуваат од неговите идеи и од неговиот пример.

Пред 21 година Гоце Делчев пред нашите очи падна убиен во с. Баница, Серско. Од нашето паметење веќе исчезнуваат многу сеќавања за борбата што ни го одзеде најголемиот човек на Македонија. Но, ние останатите уште еден-двајца живи од учесниците во таа борба, не ќе ја заборавиме до последната своја минута, позата на Гоце, откако купшумите веќе му ги беа раскинале градите. Речиси цел ден и цела ноќ ние скршени го гледавме својот водач, легнат како да е жив, со главата наведната кон земјата. Тој небаре плачеше над својата судбина, над судбината на сите паднати како него, над судбината над цела Македонија. И кога настапи часот и за нас да умираме, или да излеземе од огнениот, ние во мислите си се простивме за момент со него и го оставивме... да плаче. За нас кои го оставивме, тој и сега е таму на истото место, во истата положба, тој и денес плаче над своето кобно место каде што го оставивме...
И има зошто да плаче.

Гоце плаче не затоа што умре толку рано, дека го лиши своето телесно постоење од учество во настапувачките главоломни настани, туку плаче затоа што и сега, близу четвртина век од неговите земни дни, Македонија продолжува уште да мечтае и да жедува за својот идеал, но не и да се радува на слободата, за која беше подготвувана и готова да загине цела.

Гоце плаче затоа што беспримерниот илинденски хероизам на неговата татковина сврши со разурнување. Плаче зашто таа света усилба на борбена Македонија беше испреварена од фаталната интервенција на една државничка стихија против која тој самиот водеше најупорна и најчесна борба, борба што, макар и победена, успеа да ја влее во организмот на ослободителното дело онаа благородна зараза која се стреми кон урнување на тиранијата.

Гоце плаче, зашто во 1908 година истата таа државничка урнувачка стихија го осуети моќниот устрем на македонското население да се ослободи наполно и бескрвно од секаквиот политички, економски и национален гнет. Наместо да го помогнат тој устрем, »родните« покровители на македонските Бугари и еден »братски« начин го прогласија од Софија Фердинанда за нивни цар, за цар и на Македонија...
И ја осудија на загинување.

Гоце плаче, зашто во 1912 година оние што го продолжија разурнувачкото дело од 1908 година, пристапија фактички кон уништување на идејата за одделно и независно постоење и преку инаугурацијата на одамна замислените аспирации за поделба, ја овенчаа главата на нашата татковина-маченица со првата страшна катастрофа.
И го ископаа гробот.

## РАСЧУКНАЛИ КАМБАЌИТЕ

Расчукнали камбаните,
Се собрали селането, аман, аман,
Се собрали селането,
Селането Богданчаните,
Се собрале до три другари,
До три другари, три сираци,
Да се зберат сички селани, аман, аман.
Расчукали камбаните, аман, аман,
На црквата свети Ѓорѓи.
Најнапред врви Делчев војвода,
А по него оди Дилбер Илија.
Илија вели, говоре:
— Да се збереме, да ослободиме
Нашата Македонија.

Гоце плаче, зашто три години подоцна стихијата на разурнувањето се стркала одново по истите патишта и ја овенча вторпат главата на окрвавената и разорена Македонија со боцките и шипјето на уште пострашна катастрофа.
И ги закопаа парчињата од нејзиниот маченички труд.

Гоце плаче, зашто од пет години наваму, наспроти тежината на извршените спрема неговата татковина огромни злосторства и одговорности, владеачките фактори во Бугарија продолжуваат да гледаат на Македонија како на некакво свое законито наследство, готови секогаш да го заложуваат и разменуваат, одекнувајќи по оние патишта што и ја изрекоа пресудата и ја доведоа до распарчување и загинување, откако, во извршувањето на таа своја политика, сакаат, по пат на заблуди, да ја имаат поддршката и на македонската емиграција во земјата, макар што, одејќи по тој пат ископаа длабока пропаст помеѓу неа и бугарскиот народ.

Плаче Гоце и има зошто да плаче.
Тој оплакува една долга и, од ужаси и трагедии за Македонија, исткаена дваесетгодишна крвава епоха по неговата смрт.

Плаче и реди тој, легнат над кобното свое место во Баница, но не за да плачеме и редиме и ние што сме уште живи, не за да плачат и редат синовите на неговата несреќна татковина, не за да плаќаат и редат новите борби за неа, туку да видиме, откако ги чувме лелеците на Гоцета, едно знаме на кое ке напишано со неговите свети крвави солзи: борба до смрт против сите нови македонски султани и сатрапи, но и борба против разурнувачките сили, што ја исполнија историјата на нашата татковина со разурнување во текот на двете децении по величествената илинденска епопеја.



Nike, 1968. (grafika/linorez, 55 x 69 cm)

**Ете токму за тоа плаче Гоце. Тој плаче токму за таква борба и на неговиот плач веќе се одзиваат саканите негови македонски момчиња, во кои е и нашата надеж. Влијанието и дејството на отровот ширен сред емиграцијата и сред емигрантската младина веќе опаѓаат и исчезнуваат. Ние со радост го констатираме настапувањето на една сепобедна и животно-радосна пролет во делото, во борбите и кај борците.**

**Плачот на Гоцета нека ја разотвори наполно таа долгоочекувана пролет и во најбрзо време одново да си подадеме сите братски рака како синови на Македонија, така што некогаш околу Гоцета се чувствуваме како една челад и социјалисти, и анархисти, и националисти, зашто мислевме и дејствуваме само како Македонци, сите до еден и сите како еден.**

**Тоа братство, таа еднодушност и тоа единствено дејствување се особено неопходни денес и многу понеопходни денес, се одошто кога и да било. Само така братски сплотени за единствената борба во името на Гоцевиот идеал и проникнати од Гоцевите лелеци, ние македонските емигранти и дејци од сите возрасти и погледи, ќе го вратиме назад и ќе го извадиме на цврста почва тркалото на нашето дело, заедно со кое ќе ја повратиме кон него и кон нас силно нагризаната приврзаност на најголемиот дел од бугарскиот народ.**

**Го повикувам духот на Гоцета, за да ни послужи тој како моќна повелба за полно помирувањ на браќата што се непријателски расположени еден кон друг и за полното и сестрано откинувањ од канџите и од мрежата на онаа политика чиишто носители најмногу придонесоа за распарчувањето и разурнувањето на Македонија и коишто и денес продолжуваат намерно да разгоруваат крвави омрази и страсти меѓу нас, за да не бидеме во состојба да ја заштитиме од нови заговори и предавства.**

**Браќа и другари, стари и особено млади!**

**Сите по патот и примерот на Гоце! Сите под едно знаме! Сите во служба на Татковината! За неа да се бориме! За неа да умираме!**

**За тоа плаче тој...**

❖❖❖

Од лингвистичката историја:

## АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА И СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

Приказов ќе го започнеме со македонската народна песна: "се што имавме, се ни зедовте и во оган изгоревте..." како илустрација, болна, мелодична и тежна, за нашето минато. Таа многу зборува за тоа што се случувало со нашата писмена историја (лингвистички аспект): "Ни изгоревте старите книги, на нашите стари учители...".Меѓутоа и покрај сите грабежи и палежи, сепак е нешто сочувано во архивите по светот. Од време на време излегуваат така на виделина, благодарение на македонските историчари, лингвисти и други научници, многу нешта. Многу сознанија, индиректно, се наоѓаат и во литературата и споменичниот корпус на нашите соседи, кои сеуште ја негираат македонската нација и особено македонскиот јазик.

Како елементарен пример за тоа ќе го наведеме надгробниот споменик на познатиот хеленски војдководител и оратор, Демостен, со следниот натпис:

❖❖❖

*Σΐπερ ἴσγν ῥώμην γνώμη Δημόσθενε;, εἶχες*
*Οὔποτ᾿ ἄν ἐλλήνων ἦρχεν Αοης Μακεδών*

Во превод тој гласи: "Да беше во Тебе, Демостене, толкава сила колку и Дух, никогаш Македонецот не би завладеал врз Хелените." Како што е познато, Хелада била два пати победена и покорена. Најпрвин од Филипа а потоа и од синот, Александар. Обајцата како противник го имале Демостен. По вториот пораз, како што е познато, Демостен се отрул, а Хелените на неговиот споменик го ставиле горе цитираниот епитаф.

Античка Македонија

Јатката на античка Македонија, географски, ја чинат и денес добро познатите три реки, односно води: Вардар, Егеј и Пирин, што чинат една целина. Во античката македонска митологија и легендите се тврди дека таа како држава постоела уште во VIII век пр. Кр. Имено прв владател бил Македон, та затоа по него и го носи името Македонија. Тој бил син на Зевс и Дефкалионовата керка Тиа. Можеби е тоа и причина зашто тој бил сметан и за македонски бог, заедно со Зевс, Прометеј, Дефкалион и Херкул. Едно друго предание зборува дека прв владател бил Пелагон, по него името го добила Пелагонија, кој како што е познато во Тројанската војна го бранел кралот Приам од Хелените. Постои и трето предание, според кое тројца браќа од семејството Темени: Гаван, Аероп и Пердика, набркани од Аргите дошле во Илирија и одтаму во Горна Македонија, каде што владеел кралот Лебе. Таму тие станале чувари на неговите стада, а подоцна набркани и од тука дошле во другиот крај на Македонија, покрај езерото Мидини градини, каде што останале, зајакнале, ги освоиле и завладеале врз цела Македонија.

Според потврдените историски податоци прв владетел бил кралот Каран /814-876 г.пр.Кр./ којшто владеел во областа Ематија, денешно Егејско повардарие.

Некои историчари за прв вистински основач на македонската држава го сместаат Пердика /729-678 г.пр.Кр./ а по него следат: Арга I, Филип I, Алкета, Аминта I /497 г.пр.Кр./ , Александар I, Паусаниа, Аминта II, Аминтал, Аргај /390 г.пр.Кр./, Александар II, Проломеј Опорите, Пердика III /365-359 г.пр.Кр./, Филип II /359-336 г.пр. Кр./, Александар III /336-323 г.пр.Кр. познат како Велики или Македонски/, Филип IV, Антипатар, Александар V, Деметри, Парс, Лусимакс, Птоломеј /Керуан - 281-289 г.пр. Кр./, Анархие, Мелеарго, Антипатер, Состен, Птроломеј, Антигон I, /Гонат - 277-239 г.пр.Кр./, Деметри II /239-229 г.пр.Кр./, Антигон II /Досон - 229-222 г.пр.Кр./ , Филип V, Персеј /179-168 г.пр.Кр./ и Андриско /152-148 г.пр.Кр./.

Споменатите македонски кралеви постојано воделе војни особено со хеленските држави, создадени по нивното населување на Ахаја, Атика и Пелопонез, со оглед на нивната експанзивна политика и тежнеењето да ја освојат и покорат Македонија. Во тие војни со променлива среќа, Македонците биле скоро секогаш победници.

За време на персиско-хеленските војни, епохата на Филип II и синот Александар III /Големиот/ македонската војска им нанела на хелените сериозен пораз, па така и започнала големата експанзија на Александар Македонски. Како што е познато Аледсандар ИИИ умира мошне млад на 33 г. а по неговата смрт започнува безмилосна борба помеѓу неговите наследници за доминација и владеење врз големото кралство што тој го оставил зад себе.

Од 323 г.пр.Кр. па се до 168 г. се изнаредиле скоро 22 владетели а меѓу последните е Персеј /179-168 г.пр.Кр./ кој што победен од римјаните е одведен со семејството во Рим. Се претпостувува дека е тогаш извршено и најголемото плачкосување на позната библиотека во Пела /денешен Постол блиску Енице Вардар/. Наводно во таа голема колекција на книги и други старини се наоѓал и личниот Дневник на Александарт Македонски, а во Рим биле одведени и голем број видни Македонци, уметници, градители и научници од тоа време.

По римските победи, Македонија е поделена на четри покраини без право на сопствена војска и провинцидко име. По Персеѕ доаѓа Андриско, исто така заробен од римјаните а заради немирите, Македонија е прогласена само за римска област така што станува дел на Римското Царство се до поделбата 395 г. /Теодозијевата ера/, кога станува составен дел на Византија, односно Источно Римско Царство што го создал Константин Големиот.

### Јазикот на Античките Македонци

Познато е дека античките Македонци зборувале на свој посебен јазик за кој што се смета дека не бил хеленски / старогрчки/ ни латински. Се смета дека е тоа и денешниот јазик на Македонците, кој што не исчезал и покрај столетното робство под разни туѓинци.

Бидејќи нашиот спаѓа во групата словенски јазици, може да се смета дека македонските Словени се автохтони на балканскиот полуостров. Ова тврдење и претпоставка не се нови, но е малку познта. Многу светски историчари и хроничари, а особено руски, полски, чешки, српски, бугарски и македонски ја земаат за сериозна оваа претпоставка. Покрај Солун се пронајдени остатоци од старите Словени Арванити, од времето на Филип и Александар Големиот, што не ја доведува во прашање тезата за големата преслба на народите во тоа време и доаѓањето на Словените и други народи на тој простор уште во VII век од нашата ера.

